РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 04.04.2023

| Организ.ед | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18 - | 642/1 | | |

**И Т Н О!**

**До:** ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Одделение за инспекциски надзор за комунални работи
(урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заш. на жив. средина)
– Инспекторат
Овластен градежен инспектор – Слободан Дичев
Ул.„Димитар Влахов" бр. 4, Гевгелија
тел: ++38934 213 843 | www.gevgelija.gov.mk

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните **информации од јавен карактер**:

1. ***Записникот*** од вонреден инспекциски надзор на КП бр. 4522 КО Гевгелија, извршен на 11. 11. 2022 година по *Барање за вонреден инспекциски надзор* поднесено од мене на 04.11.2022 година, а составен на 15.11.2022 гододина

2. ***Решението за прекин на натамошна изградба на градбата – надградба на индивидуален стамбен објект (А1)*** донесено на 23.11.2022 врз основа на гореспоменатиот инспекциски надзор и гореспоменатиот записник

3. ***Жалбата*** на гореспоменатото решение

4. ***Решението*** по гореспоменатата жалба донесено во втор степен од повисок орган

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

- г) е-маил
- д) друго

Фотокопиите од бараните документи (***како информации од јавен карактер***) лично ќе ги земам по ваша информација по телефон дека се готови.

Потпис

Во [redacted] година .

[redacted]

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-642/2**
**05.04.2023 год.**
**Гевгелија**

**До**

- **Одделение за Инспекциски надзор**

**Предмет:** Барање одговор заради обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер на барање од странка

Во прилог ви го доставуваме барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted]

Со оглед дека се работи за документ во кој се бара одговор, а се однесува на вашето одделение, во најкраток можен рок да ни доставите одговор на поднесеното Барање.

Во прилог,

- Фотокопија од поднесеното Барање.

Со почит,

Овластено лице
за постапување со информации
од јавен карактер
**Томе Јанкуловски**

Доставено до:
- насловот
- архива

Примил:

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ДО**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **Ж А Л Б А**

подносител: [redacted]на Општина Гевгелија)

жалбена основа: На ден 29.03.2023 година, до имателот на информацијата од јавен карактер, Општина Гевгелија/ Одделение за инспекциски надзор за комунални работи (урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заш. на жив. средина)/Инспекторат/Овластен градежен инспектор - Слободан Дичев беше поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со градежни активности на КП 4522 во КО Гевгелија.

Во Барањето во форма на фотокопија беа побарани:

1. ***Записник*** од вонреден инспекциски надзор на КП бр. 4522 КО Гевгелија, извршен на 11. 11. 2022 година;
2. ***Решение за прекин на натамошна изградба на градбата – надградба на индивидуален стамбен објект (А1)*** донесено на 23.11.2022 врз основа на горespоменатиот инспекциски надзор и гореспоменатиот записник;
3. ***Жалбата*** на гореспоменатото решение; и
4. ***Решение ИП 2 број 10-431*** од 23.02.2023 по гореспоменатата жалба донесено во втор степен од Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

На 18.IV.2023 година, од страна на имателот на информацијата од јавен каратер добиен е **Одговор ИП1 бр. 16-84** од 10.04.2023. Во Одговорот во форма на образложение стои дека:

Извршен е инспекциски надзор на 11.11.2022, составен е записник на 15.11.2022, донесено е решение за прекин на натамошна изградба на градба – надградба на индивидуален стампен објект (А1) на 23.11.2023. Потоа стои дека е поднесена жалба по Решението од 23.11.2023 и дека второстепен орган ја уважува и дека на 23.02.2023 носи Решение со кое претходното Решение го поништува, со кое ја враќа работата во прв степен и дава насоки во наредните управни акти, органот во прв степен да се држи до фактичката состојба на терен и да ги земе во предвид наодите и вештачењата од стручните лица. На крај наведено е дека од горенаведените причини актите кои се бараат ко информации од јавен каратер се поништени и затоа нема да бидата доставени.

Со ова имателот на ифнормации прави неколу прекршувања на *Законот за слободен пристап до инфомации од јавен какаратер* (Сл. Весник 101/2019) како и од *Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер* (Сл. Весник 60/2020) и тоа:

1. Со ова имателот на информации го прекршува член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и член 8, став 4 од Упатството за спроведвање на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер затоа што таму јасно е наведено дека при одбивање, **имателот на информацијата носи решение** со кое барањето се одбива целосно или делумно. Во случајов **имателот на информацијата до барателот праќа Известување.**
2. Законот за пристап до информации од јавен карактер во член 6 таксативно ги набројува причините кога барањето на пристап до информации од јавен карактер се одбива. Во случајов **не поистои ниту една од причините наведени во член 6 за одбивање на барањето** со што одбивањето на барањето го прави акт на самоволие.
3. Во член 13 од Упатсвото за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер јасно е наведено дека кога постојат некои од причините за одбивање наведени во член 6 од Законот, имателот на информацијата мора тоа да го наведе во образложението на решението. Во случајов **не постои образложение во кое е наведена некоја од причините за одбивање наведени во член 6**.

Поради наведениве причини Известувањето на имателот на информацијата со кое се одбива моето Барање за пристап до информации од јавен карактер е противправно и поради тоа до Вас како надлежен орган ја поднесувам оваа Жалба.

Во прилог ви доставувам:

- Барање за информации од јавен карактер од 29.03.2023;
- Известување од Општина Гевгелија/ Одделение за инспекциски надзор за комунални работи (урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заш. на жив. средина)/Инспекторат/Овластен градежен инспектор - Слободан Дичев ИП1 бр. 16-84 од 10.04.2023;
- Пропратено со Одговор на Барањето за информации од јавен карактер од градоначалникот на Општина Гевгелија бр. 18-642/3 од 13.04.2023; и
- Принтскрин од ден на добивање на одоговорот (18.04.2023) на гореспоменатото Барањето за информации од јавен карактер поднесено на 29.03.2023.

[redacted]

[redacted]

(с.р. потпис на жалителот)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Одделение за инспекциски надзор за комунални работи, урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заштита на животната средина

ИП 1 бр.16 – 84 од 15.11.2022 год.

# З А П И С Н И К

за извршен инспекциски надзор

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор
Назив на субјектот на надзорот: ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, дооел Гевгелија
Седиште/адреса на субјектот: ул.,,Гевгелиски партизански одред,, бр.2-2/17 Гевгелија
Адреса за е-пошта: sasinvest2017@gmail.com
Телефон: 075/252-404
Матичен број на субјектот:
Даночен број на субјектот: Одговорно лице на субјектот: Бобан Дамчевски

2) Податоци за инспекцискиот надзор
Вид на инспекциски надзор: вонреден
Датум на почеток на инспекциски надзор:11.11.2022 год.
Почеток на инспекцискиот надзор: во 11.00 часот
Датум на завршување на инспекцискиот надзор: 11.11.2022 год.
(записникот е составен во службените простории на градежната инспекција заради прикачување на фотографии на истиот направени при увидот на лице место)
Назив на објектот: надградба на индивидуален станбен објект (А1)
Главна дејност на објектот: домување во стамбени куќи
Адреса на објектот: КП бр.4522 КО Гевгелија

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на пријава од 07.11.2022год. доставена до Општина Гевгелија на 07.11.2022 год. и налог од раководител на одделение за инспекциски надзор бр.16-174/43 од 08.11.2022год.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од Слободан Дичев овластен градежен инспектор во Општина Гевгелија.

5) Согласно член 131, 132 и 137 од Закон за градење (,,Сл. весник на РМ,, бр. 130/09, ........ 168/18) и член 71, 82 и 83 од Закон за инспекциски надзор (,,Сл. весник на РСМ,, бр.102/19), предмет на инспекциски надзор е изградба - надградба на индивидуален станбен објект (А1)

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка поради тоа што се работи за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршување на инспекцискиот надзор на лице место **не е затекнат претставник на субјектот на надзорот**

8) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

Општина Гевгелија има издадено одобрение за градење на инвеститорот ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, дооел Гевгелија Уп.1 бр.11-310 од 22.02.2022 год. за изградба - надградба на индивидуален станбен објект (А1), на КП бр.4522 КО Гевгелија, градба од втора категорија, согласно одобрен основен проект со тех.бр.75-2021/П изработен од ДППУПИ ,,Тагора,, доо Скопје. Цитираното одобрение за градење е правосилно со дата од 21.03.2022 год.

Согласно член 67 од Законот за градење инвеститорот со известување од 14.10.2022 год. ја извести Општина Гевгелија-градежна инспекција за започнување со изградба на надградбата на индивидуалниот станбен објект. Во истото е наведено дека изведувач на градбата е ,,ЕУРО ЗОНА ТРЕЈД,, Гевгелија, а надзорен инженер на градбата е Петре Марковски д.и.а. од Скопје.

Од извршениот инспекциски надзор утврдени се неправилности во работењето на субјектот на надзорот: имено на лице место на денот на инспекцискиот надзор затекната е градежна парцела со срушен постоечки објект над кој е одобрена изградба - надградба на индивидуален станбен објект согласно издаденото одобрение за градење Уп.1 бр.11-310 од 22.02.2022 год.,( со основниот проект се предвидува надградба на веќе постоечки станбен објект, поточно изградба на прв кат, втор кат и поткровје врз приземјето на постоечкиот објект кој се развива на две нивоа – подрум и приземје. Со нивоата од надградбата, објектот ќе се развива на вкупно пет нивоа: подрум, приземје, прв кат, втор кат и поткровје), така што рушењето на постоечкиот станбен објект е спротивно на основниот проект и одобрението за градење со кое е одобрена надградбата на постоечкиот објект согласно член 59-ѕ од Законот за градење, па оттука согласно член 133 став 1 алинеа 4 од Законот за градење (,,Сл. весник на РМ,, бр.130/09, 124/10 .... 64/18 и 168/18,, и ,,Сл. весник на РСМ,, бр.244/19 и 18/20) и член 83 од Законот за инспекциски надзор надзор (,,Сл. весник на РСМ,, бр.102/19) се превзема следната мерка:

Овластениот градежен инспектор ќе донесе решение за прекин на градбата со временски рок заради усогласување на изградбата, односно состојбата на градбата со одредбите од овој закон.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот кој има/нема забелешки на истиот.

Прилог на овој записник се фотографии од лице место

Фотографија
бр.1



Фотографија
бр.2



Потпис на претставникот
на субјектот на надзор

Печат и потпис
на инспекторот

---------------------------------

Датум: 15.11.2022год.

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-642/3**
**13.04.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**Предмет:** Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,
Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека од имателот ја барам следната информација од јавен карактер (по наведените точки), односно:

- Записник од вонреден инспекциски надзор на КП бр.4522 КО Гевгелија, извршен на 11.11.2022 година по Барање за вонреден инспекциски надзор поднесено од мене на 04.11.2022 година, а составен на 15.11.2022 година
- Решението за прекин на натамошната изградба на градбата – надградба на индивидуален стамбен објект (А1) донесено на 23.11.2022 година врз основа на гореспоменатиот инспекциски надзор и гореспоменатиот записник.
- Жалба на гореспоменатото решение
- Решението по гореспоменатата жалба донесено во втор степен од повисок орган.

Во прилог ви доставуваме:
Одговор од Одделение за инспекциски надзор за комунални работи, урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заштита на животната средина, ИП1. бр. 16-84 од 10.04.2023 год.

Со почит,

Изработил,
Томе Јанкуловски,
Лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Доставено до:
- насловот
- архива

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Одделение за инспекциски надзор за комунални работи, урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заштита на животната средина
ИП1 бр.16-84 од 10.04.2023 год.
ГЕВГЕЛИЈА

До

[redacted]

Предмет: Известување

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено во Општина Гевгелија на ден 04.04.2023 година со кое барате фотокопија од управни акти поврзани со вонреден инспекциски надзор на градбата- надградба на индивидуален стамбен објект (А1), на КП бр.4522 КО Гевгелија, Ве известувам следното:

Овластениот градежен инспектор на Општина Гевгелија, изврши вонреден инспекциски надзор на погоре цитираната градба на 11.11.2022 год. и состави записник од констатираната фактичка состојба на 15.11.2022 год., по што на 23.11.2022 год. донесе Решение за прекин на натамошна изградба на градбата- надградба на индивидуален станбен објект (А1).

Ве известувам дека на Решение за прекин на натамошна изградба на градбата донесено на ден 23.11.2022 год., е поднесена жалба во законски предвидениот рок од правното лице ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, од Гевгелија до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, истата е уважена и со Решение под ИП 2 број 10-431 од 23.02.2023 година е поништено Решение за прекин на натамошна изградба на градбата донесено на ден 23.11.2022год.. Предметот е вратен на повторна постапка со што во новата постапка е задолжен првостепениот орган да следните носени управни акти, во целост да соодветствуваат со фактичката состојба на терен, исто така и да се земат во предвид наодите и вештачењето од стручни лица при водење на повторна постапка. Од погоре наведените причини управните акти што ги барате се поништени и нема да ви бидат доставани.

Со почит,

Овластен градежен инспектор

Слободан Дичев д.г.и.

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Општина Гевгелија како имател на информација од јавен карактер позитивно одговори на барањето за обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]

### О б р а з л о ж е н и е

[redacted], поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер со кои располага Општина Гевгелија, бр. 18-642/1 од 04.04.2023 год., кое се однесува на барање до општината, односно барање на информации за:

- Записник од вонреден инспекциски надзор на КП бр.4522 КО Гевгелија, извршен на 11.11.2022 година по Барање за вонреден инспекциски надзор поднесено од мене на 04.11.2022 година, а составен на 15.11.2022 година
- Решението за прекин на натамошната изградба на градбата – надградба на индивидуален стамбен објект (А1) донесено на 23.11.2022 година врз основа на гореспоменатиот инспекциски надзор и гореспоменатиот записник.
- Жалба на гореспоменатото решение
- Решението по гореспоменатата жалба донесено во втор степен од повисок орган.

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

Бр.18-642/4
13.04.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 19.05.2023

| Органиэ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) а согласно член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted], поднесена против Општина Гевгелија, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 11.05.2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Жалбата изјавена од [redacted], поднесена против Општина Гевгелија, заведена во Агенцијата под бр.08-189 на 02.05.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

2. СЕ НАЛОЖУВА на Имателот на информации, да постапи по Барањето на Барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] на 05.04.2023 година, поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Гевгелија, со кое побарал да му се достави фотокопија од следните информации:

„1. Записник од вонреден инспекциски надзор на КП бр.4522 КО Гевгелија, извршен на 11.11.2022 година по Барање за вонреден инспекциски надзор поднесено од мене на 04.11.2022 година, а составен на 15.11.2022 година.

2. Решението за прекин на натамошна изградба на градбата – надградба на индивидуален стамбен објект (А1) донесено на 23.11.2022 врз основа на гореспоменатиот инспекциски надзор и гореспоменатиот записник.

3. Жалбата на гореспоменатото решение.

4. Решението по гореспоменатата жалба донесено во втор степен од повисок орган."

Имателот на информации, на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски

предвидениот рок поднел Жалба заведена во Агенцијата под арх. бр. 08-189 од 02.05.2023 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-189 од 02.05.2023 година, ја препрати Жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 05.05.2023 година по електронски пат до Агенцијата достави Одговор на жалба бр.18-642/5 од 03.05.2023 година, заведено во Агенцијата под бр.08-189. Во Одговорот е наведено дека: „Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер поднесе допис до Овластениот градежен инспектор во Општина Гевгелија. На наведеното лице (по електронски пат) му беше доставена и предметната Жалба со целокупниот пропратен материјал – доставени од ваша страна, со цел во законскиот рок се произнесе по истата и да ја достави целокупната документација со која располага. Но, Овластениот градежен инспектор користи годишен одмор. Негова замена нема (во моментот нема друг градежен инспектор), па не сме во можност во предвидениот рок да постапиме по наведената жалба. Во моментот кога градежниот инспектор ќе се врати на работа, веднаш ќе се превземат соодветни мерки, односно ќе се постапи по наведената жалба."

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

Директор,
Пламенка Бојчева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-189
11.05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Општина Гевгелија преку Сободан Дичев овластен градежен инспектор со службена легитимација бр. 071050002 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор инвеститор ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, дооел Гевгелија со ЕДБ, со записник ИП 1 бр.16-84 од 31.03.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (,,Сл.весник на РСМ,, бр.102/19), а во врска со член 133 став 1 алинеа 4 од Законот за градење (,,Сл.весник на РМ,, бр.130/09, 124/10, ... и 168/18 и ,,Сл.весник на РСМ,, бр.244/19 и 227/22) го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1) СЕ НАРЕДУВА** на инвеститорот ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, дооел Гевгелија **во рок од еден ден** по приемот на ова решение да ја **ПРЕКИНЕ** натамошната изградба на градбата - надградба на индивидуален станбен објект (А1),на КП бр.4522 КО Гевгелија, градежна парцела на која на денот на инспекцискиот надзор затекната е со срушен постоечки објект над кој е одобрена изградба - надградба на индивидуален станбен објект согласно издаденото одобрение за градење Уп.1 бр.11-310 од 22.02.2022 год, градба од втора категорија .

**2)** Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка

**3)** Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Гевгелија врз основа на членовите 131, 132 и 137 од Законот за градење, преку Слободан Дичев овластен градежен инспектор со службена легитимација бр. 071050002 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор

инвеститор ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, дооел Гевгелија, со , и состави записник ИП1 бр.16-84 од 15.11.2022 година (во дневник бр.12/2022) во кој е констатирана неправилност во работењето на субјектот на инспекцискиот надзор. Имено, на лице место на денот на инспекцискиот надзор затекната е градежна парцела со срушен постоечки објект над кој е одобрена изградба - надградба на индивидуален станбен објект согласно издаденото одобрение за градење Уп.1 бр.11-310 од 22.02.2022 год.,( со основниот проект се предвидува надградба на веќе постоечки станбен објект, поточно изградба на прв кат, втор кат и поткровје врз приземјето на постоечкиот објект кој се развива на две нивоа – подрум и приземје. Со нивоата од надградбата, објектот ќе се развива на вкупно пет нивоа: подрум, приземје, прв кат, втор кат и поткровје), така што рушењето на постоечкиот станбен објект е спротивно на основниот проект и одобрението за градење со кое е одобрена надградбата на постоечкиот објект согласно член 59-ѕ од Законот за градење, , па оттука согласно член 133 став 1 алинеа 4 следува донесувањето на ова решение.

Во конкретниот случај, изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува на инвеститорот да ја прекине понатамошната изградба на градбата, согласно член 137 став 4 од Законот за градење, не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Општина Гевгелија под ИП1 бр. 16-84 од 23.11.2022 година

Слободан Дичев д.г.и.

со службена легитимација бр.071050002